Врз основа на член 22 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ“ бр.202/24), Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година (“Службен гласник на Општина Гази Баба” бр.23/2025), Општина Гази Баба објавува

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-161/2
14.01.2026 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за избор на ко –организатор на манифестација Пивтијада 2026**

I

Јавниот повик се објавува за избор на ко-организатор за манифестацијата Пивтијада 2026.

II

Право на учество имаат сите здруженија на граѓани, фондации, установи, трговски друштва и маркетинг агенции.

III

Во рамките на овој повик, Општина Гази Баба ќе додели финансиски средства на ко-организаторот на настанот во висина од 150.000,00 денари , утврдени во Програмата за јавни дејности за 2026 година.

IV

Ко-организаторот е должен да ја организира музичката програма за реализација на настанот кој ќе се оддржи на 19.01.2026 година на плоштадот во Автокоманда.

За реализација на музичката програма, ко-организаторот е должен да ангажира естрадни уметници од Р.С. Македонија.

Целата програма на настанот да има времетраење не повеќе од два часа.

V

Основни критериуми кои треба да ги исполнуваaат заинтересираните апликанти за учество на овој јавен повик се:

Да се регистрирани во Централниот регистар со седиште во град Скопје и во својата дејност да се занимаваат со организација на културни и забавни манифестации.

VI

Потребна документација која треба да ја достави апликантот до општина Гази Баба:

-Тековна состојба од Централниот регистар не постара од шест месеци

- Потврда дека нема забрани за учество во постапки од Централен регистар

- Предлог програма за реализација на настанот со фискални импликации

VII

Пријавата со целокупната документација се доставува преку пошта, на адресата на Општина Гази Баба ул.„ Архимедова“ бр. 2 1000 Скопје, или во архивата на Општина Гази Баба во затворен плик со назнака “За јавен повик за избор на ко-организатор за манифестацијата Пивтијада 2026”, во период од 08.00 до 16.00 часот со ознака “Не отворај” ( на кој ќе биде точно наведено час и датум на архивирање).

Јавниот повик ќе биде објавен на 14.01.2026 година на веб-страницата на Општина Гази Баба и ќе трае заклучно со 15.01.2026 година.

**Напомена:** Пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

VIII

Комисија формирана со Решение на Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе ги разгледа поднесените пријави и ќе донесе одлука за избор на ко-организатор по завршувањето на јавниот повик.